МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# КЛАСИЧНАТА КУЛТУРА ВО ЕВРОПСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

# 1. ВОВЕД

Наставниот предмет *класична култура во европската цивилизација* е изборен предмет за учениците во основното училиште. Тој им се нуди на учениците согласно наставниот план за основното училиште. Неделниот фонд часови за предметот изнесува по 2 (два) часа во неделата, односно 72 часа во текот на учебната година.

Класичната (грчко-римска) култура како извор на темелните културни, научни и општествени принципи врз кои е изградена современа Европа, нуди парадигми пожелни и неопходни во оформувањето на младите поколенија. Застапеноста на вакви содржини го олеснува усвојувањето на некои универзални морални и цивилизациски вредности и придонесува во изградувањето на млади личности со широка општа култура.

Предметната програма вклучува елементарни содржини од јазик, историја на културата, митологија, уметност, секојдневен живот, поддржана со современи и инвентивни методи на настава, и е повеќекратно полезна за подготвеноста на учениците за повисоките степени на образование.

Наставната програма се темели на бројните материјални, но и културно - традиционални реликти од античко време на територијата на денешна Македонија во која се вкрстувале грчката, римската и античката македонска цивилизација.

Запознавањето со светот на античката класична култура кај учениците би развило свест за културното наследство со кое изобилува Македонија, со богата и долга историја која е вткаена во античките корени на европската култура.

Во овој наставен предмет, како и по другите предмети, се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, флексибилната организација на часовите, поттикнувањето на индивидуалните активности и групната работа на учениците со што се постигнува подобра комплементарност со другите предмети и кооперативност во процесот на наставата и учењето.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива интерес за проучување на античката култура како основа на класичната култура;
- да стекнува знаења за античката култура како основа на науката, уметноста и културата на Европа;
- да се оспособува да ги препознае одликите на античката култура во современата европска култура;
- да се оспособува да го препознава влијанието на одделни сегменти од античката култура (јазик, книжевност, уметност, верувања) во македонскат култура.
- да се запознае со класичните јазици како основа за развивање на европските јазици;
- да се запознае со одделни книжевни родови зародени во антиката;
- да се запознае со митологијата и верувањата во антиката и нивното влијание во европската цивилизација;
- да се запознае со уметноста во антиката и влијанието што го има во развојот на европската уметност;
- да се запознае со одликите на општествениот и приватниот живот во антиката како основа за развој на општествениот живот во Европа;
- да се запознае со античкото наследство во Република Македонија.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| *КЛАСИЧНАТА КУЛТУРА ВО ЕВРОПСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА* | | | |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ – 12 часа** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се информира за развојните текови и сродноста на различните јазици. | За потеклото на јазиците<br>- индоевропско семејство | Јазично семејство | - Вежби со графичко претставување на јазичното семејство (стебло) на индоевропските јазици. |
| - Да се запознае со сличностите меѓу различните писма и нивниот развоен пат во главни црти. | Писма:<br>- микенско<br>- алфабет<br>- абецеда<br>Писменост:<br>- средства и материјали на кои се пишувало<br>- појава и различни облици на книгата | Писмо<br>Графички знаци<br><br>Писменост<br>- ракопис (манускрипт)<br>- восочни таблички<br>- папирус<br>- пергамент<br>- каламус, стилус<br>- кодекс<br>- печатена книга | - Вежби со илустративен материјал.<br><br>-Посета на библиотека (препорачливо е да се посети билиотека која има одделение со старопечатени книги или ракописи). |
| - Да ја согледа присутноста на грцизмите и латинизмите во мајчиниот јазик, како и во европските јазици кои ги изучува;<br>-да го разбира значењето | - Грцизмите во европските јазици<br>- Латинизмите во европските јазици | Латинизми<br><br>Грцизми | - Самостојни и групни вежби на читање извадоци од печатените медиуми и пронаоѓање на зборови од латинско и грчко потекло;<br>- вежби: пронаоѓање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на поедноставни и најчесто употребувани латинизми и грцизми во мајчиниот јазик<br>-да се оспособи правилно да употребува/применува одреден фонд на интернационални зборови;<br>-да го осознае богатството и особеноста на мајчиниот јазик. | - Грцизмите во мајчиниот јазик<br><br>- Латинизмите во европските јазици | Интернационализми | зборови со ист корен од латински, грчки, неколку европски јазици и мајчиниот јазик;<br>-вежби со пишување и замена на интернационализми (од грчко и латинско потекло) со соодветни зборови од мајчиниот јазик<br>(на пр. адекватно: соодветно и сл.). |
| - Да се оспособи да прави разликата меѓу меѓу поговорка, фраза и цитат;<br>-да ги разбира поедноставните (често употребувани латински и во помал број хеленски) поговорки, фрази и цитати. | Поговорки<br>Фрази<br>Цитати | Поговорка<br>Фраза<br>Цитат | - Вежби со читање на одреден број (латински и грчки) поговорки, фрази и цитати;<br>- откривање на соодветни по значење поговорки во фолклорот. |

| КНИЖЕВНОСТ – 12 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со основните особености на одделни книжевни родови од античката книжевност;<br><br>- да се запознае со карактеристични содржини што се обработуваат во одредени книжевни облици;<br><br>- да ги согледа корените на одредени книжевни родови зародени во антиката во примери од литературата на сопствениот јазик. | Еп<br>Лирика<br>Драма<br>Говорништво | Усна книжевна традиција<br>Авторска книжевност<br>Еп<br>Драма<br>Трагедија<br>Комедија<br>Лирика<br>Говорништво<br>Реторика | Читање и обработка на фрагменти од хеленската и од римската литература како парадигми за определен книжевен род;<br><br>споредување на дела од македонската и од античката книжевност што припаѓаат на ист книжевен род;<br><br>воочување на слични теми и мотиви што се обработуваат во дела од ист книжевен род, а во различни книжевности (на пр., епска и народна поезија). |

| **МИТОЛОГИЈА И ВЕРУВАЊА – 12 часа** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со присуството на антички митолошки теми, мотиви и содржини во различни уметности во европската култура. | Хеленска митологија<br>Римска митологија<br><br>Античко митолошко наследство во европската култура | Мит<br>Митологија<br>Митолошки киклос | Читање на фрагменти од митолошки речници, збирки на митови.<br>Илустративен текст<br>Изработка на генеалошки стебла на некои богови.<br>Составување на хронолошки низи од настаните во еден митолошки киклос.<br>Примери: скулптури, слики, литературни дела, филм, музички дела, театар (со митолошки теми). |
| - Да се запознае со верската практика на Хелените и на Римјаните;<br><br>- да се запознае со верскиот календар на Хелените и на Римјаните;<br><br>- да го разгледа овој календар во споредбен однос со доминантните верски календари во Европа. | Култови и обреди | Култ<br>Верски календар | Презентација на визуелен материјал од изворната ликовна култура и архитектура за култовите и обредите на Хелените и Римјаните.<br><br>Препознавање на примери од обредното практикува-ње на Хелените и Римја-ните во дела од античката книжевност во европската книжевност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Препознавање на примери од верската практика на Хелените и на Римјаните присутни во обичаите на европските народи. |
| - Да се запознае со практиката на претскажување во културата на Хелените и на Римјаните. | Свештеници и пророчишта | Свештеник<br>Светилиште<br>Свет простор | Визуелна презентација на свети простори и посветени места во Хелада и Рим.<br><br>Посочување на примери на пророштва од хеленската и од римската книжевност  и сведоштва од хеленската и римската традиција. |
| - Да се запознае со практикување на мистериите во Хелада и во Рим. | Мистерии | Мистерии<br>Мисти | Изработка на„сценарио" на протоколот на некоја мистерија од хеленската или од римската традиција. |

| УМЕТНОСТ - 12 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со особеностите на различните стилови на античката уметност во европската уметност. | Архитектура<br>Вајарство<br>Вазно сликарство<br>Мозаик<br>Фреско-сликарство | Храмови<br>Жртвеници<br>Живеалишта<br>Скулптури<br>Слики<br>Фрески<br>Мозаици | Визуелна презентација на примери од различни видови уметности.<br><br>Посета на музеи, посета на археолошки локалитети (по можност во рамките на организирани екскурзии).<br><br>Ликовно изразување инспирирано од античката уметност. |

| СЕКОЈДНЕВИЕ (ОПШТЕСТВЕН И ПРИВАТЕН ЖИВОТ) – 12 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br><br>- да се запознае со различни содржини од секојдневниот живот на Хелените и на Римјаните како основа за развој на општествениот живот во Европа (образование, облекување, институции, јавни простори и др.). | Образование<br><br>Семејство<br><br>Готварство<br><br>Облека<br><br>Облици на јавен живот | Гимназиум<br>Софистика<br>Академија<br><br>Семејство<br>Род<br><br>Накит<br>Облека за секој ден<br>Војничка облека<br>Свечена облека<br>Фризури<br><br>Плоштад<br>Сенат<br>Собрание<br>Колосеум<br>Театар | Визуелна презентација на илустративен материјал за сцени и алатки од училиштата во Хелада и Рим.<br><br>Изработка на схематски приказ на членовите на семејството во Хелада и во Рим.<br><br>Презентација на рецепти подготвени според антички извори.<br><br>Реконструкција на агора и на форум со нивите основни содржини. |

| АНТИЧКОТО НАСЛЕДСТВО ВО МАКЕДОНИЈА – 12 часа | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да запознае локалитети на територијата на Македонија од античко време. | Локалитети<br>- Скупи<br>- Стоби<br>- Хераклеја<br>- Лихнидос | Локалитет<br>Археологија | - Посета на некој или повеќе антички локалитети;<br><br>- групни проекти со изработка на постери, презентации и сл. |
| - Да го осознае значењето на натписите како историски извори;<br>-да ги разликува основните видови натписи. | Натписи<br>- видови натписи. | Натпис<br>- епиграфика<br>- епитаф | - Посета на музеј /локалитет;<br>- вежби со илустративен материјал . |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- *Насоки за меѓупредметно поврзување*

Во планирањето на наставата се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, како и меѓупредметното поврзување по однос на целите и содржините (со наставните предмети *историја, мојата татковина, истражување на родниот крај, запознавање на религиите*). На тој начин, се постигнува подобра комплементарност меѓу предметите, од една страна, и кооперативност во процесот на наставата и учењето, од друга.

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови:*

  Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини, што, секако, не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

- *Наставни средства:*
  - прирачник за наставникот;
  - различни извори на учење (текстови, фотографии, археолошки извори и сл);
  - енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.;
  - Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери;
  - списанија;
  - аудио-визуелни средства.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивната активност, за нивната мотивираност за учење, за соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Во програмата се наведуваат начините на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.

На пр.:
Начини на проверување и оценување:

- усно;
- презентација.

Други средства и постапки за следење и оценување:

- говорни вежби; разговор/дијалог наставник-ученик, како и ученик-ученик;
- истражувачка работа (прибирање податоци за истражувачка работа).

Во текот и на крајот на годината наставникот ги следи постигањата за секој ученик одделно и ги оценува со соодветна нумеричка оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по наставниот предмет *класична култура во европската цивилизација* ја изведува наставник со завршени клсични студии или класична филологија, кој се стекнал со звањето *дипломиран класичар или дипломиран класичен филолог.*

Доколку на конкурсот не се јави кандидат кој се стекнал со наведеното звање, тогаш наставата по овој предмет може да ја изведува наставник со завршена студиска група *историја на уметност со археологија, филозофија* или друга група во која е застапен класичен јазик.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- го знае потеклото на европските јазици;
- знае кои се класични јазици;
- препознава најчесто употребувани зборови од латинско/грчко потекло во мајчиниот јазик;
- знае неколку примери на зборови со заеднички корен во различни јазици;
- ги знае основните особености на античките книжевни родови;
- може во одредени примери од европската култура (литература, уметност) да препознае одредена античка книжевна/уметничка појава (мотив, тема, содржина);
- знае карактеристики на јавниот живот (и определени институции) кои водат потекло од антиката;
- ги знае најзначајните локалитети во Република Македонија од античко време (од кој период се и кои се најзначајните објекти во секој од нив).